Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 76 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 21 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од седумдесет и шестата седница на Државната изборна комисија**

Седумдесет и шестата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 21 март 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 18:15 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**2.Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**
**3.Предлог Известување за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 ( член 64 од Изборниот законик );**
**4.Предлог Известување за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 7, 8 и 9 ( член 64 од Изборниот законик ) и**
**5.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 76 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по првата точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека имаме Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК. Имаме вкупно 1367 решенија од кои бројот

на позитивните решенија е 1353 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е 14 од кои 4 решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази а 10 лица ги нема во Избирачкиот список. Се проверуваа сите одбиени пријави и се читаат лицата по име и презиме. Стручната служба ги проверува сите поднесени барања со доставените документи. ДИК ќе ги извести веднаш граѓаните за исходот на нивното барање за да можат да постапат, а одбиените лица имаат право да поднесат тужба до Управен суд. Смета дека вака предложените решенија треба да се усвојат.

Расправата се затвори и Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

**Точка 2:**

**Предлог Заклучок во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде објаснување по втората точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека на ден 21.03.2014 година за Образецот ИС 1 – Запишување во Избирачкиот список има вкупно 21 решенија ( се читаат по ред), за Образецот ИС 2 – Бришење од Избирачкиот список има вкупно 110 решенија ( се читаат по ред ) и за Образецот ИС 3 – Промени во Избирачкиот список има вкупно 4 решенија (се читаат по ред ).Со ова ДИК е во тек на јавниот увид и добро се одвиваат работите. Овие решенија треба да се усвојат и со Заклучокот да се достават до Државниот завод за статистика.

Се стави на гласање Предлог Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии на ден 21.03.2014 година.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Заклучокот во врска со разгледувањето на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии. Заклучокот е составен дел на овој Записник.**

**Точка 3:**

**Предлог Известување за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 ( член 64 од Изборниот законик );**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски даде предлог да се спојат дискусиите по **Точка 3 и Точка 4: Предлог Известување за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 7, 8 и 9 ( член 64 од Изборниот законик ),** затоа што двете точки се базираат на членот 64 од Изборниот законик. Гласањето ќе биде поединечно.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Бедредин Ибраими, Член на ДИК да даде образложение по точките 3 и 4 од дневниот ред.

Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа дека во врска со потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и за изборните единици 7, 8 и 9 условите се исти, само се различни обрасците. Ги чита по ред потребните документи кои треба да ги достават политичките партии, коалициите и групи

избирачи. Ова е добро напишано и во законска форма. Само даде предлог во напомената како објаснување да пишува дека заради олеснување на работата на Државната изборна комисија, а за потребите на објавување потврдените листи во дневниот печат, подносителот поднесените листи на кандидати ги доставува до Државната изборна комисија и во електронска форма во рок од 48 часа од потврдување на листите на кандидати. Што се однесува на кандидатите кои живеат во дијаспората, со адреса на последно живеалиште во Република Македонија, политичката партија може да им извади доказ за не осудуваност во основниот суд каде што живеат во Република Македонија. По можност овие Известувања уште сега да се објават на ВЕБ страницата на ДИК.

Прво е ставено Предлог Известувањето за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 ( член 64 од Изборниот законик ), на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Известувањето за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 1, 2, 3, 4, 5 и 6 ( член 64 од Изборниот законик ).**

Потоа е ставено Предлог Известувањето за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 7, 8 и 9 ( член 64 од Изборниот законик), на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Известувањето за потребните прилози кон поднесената листа на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија за изборните единици 7, 8 и 9 ( член 64 од Изборниот законик ).**

**Точка 5:**
**Разно**

По точката "Разно" никој не се јави за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и шестата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**76-та седница на Државната изборна комисија заврши во 18:40 часот.**

**Број** 07 - 1135/2
25 · 03 · **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**